РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-511/5
06-08-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжение 8-та седница одржана на 01.08.2024 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 12-511/1 од 02.02.2024 година, оформен по доставена пријава со наводи за лицето ------, вработена во ------ подрачно одделение ------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-511/1 од 02.02.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 02.02.2024 година, поднесена е пријава за лицето ------, вработена во ------ подрачно одделение ------, а воедно и советник во Советот на Општина ------, и оформен е предмет бр. 12-511/1 од 02.02.2024 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи дека пријавената живеела во ------, а во Македонија доаѓала повремено, односно кога имало седници на Советот на Општина ------, каде што истата била избрана за советник. Тогаш и единствено се појавувала на своето работно место во ------, – Оддел ------. Дополнително, подносителот имал сознанија и дека пријавената засновала работен однос во ------, додека во нашата држава не доаѓала редовно на работа, а истата земала плата.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Државниот управен инспекторат.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Државниот управен инспекторат со допис - Известување арх. бр. ИП1 бр. ------ од ----- .2024 година, во смисла на член 116 став 1, 6 и 8 од Законот за работни односи и член 256 од истиот Закон, се изјаснил дека не е надлежен да постапува и утврдува факти и околности кои се однесуваат на евиденција за присуство на работа и исплата на плати и го препратил предметот на надлежност и постапување до Државниот инспекторат за труд.

Државниот инспекторат за труд до ДКСК достави допис Известување за вршење на вонреден инспекциски надзор во ДИК ------ арх. бр. ------, од ------.2024 година, во кој образложува дека на ден ------.------.2024 година од страна на надлежни Државни инспектори за труд ПЕ ------, бил извршен вонреден инспекциски надзор во ------, - Оддел ------, а во врска со барање за постапување по однос на вработеното лице ------. Од страна на работодавачот им биле приложени следните документи: М1/М2 Пријава/Одјава; Решение за распоредување на административен службеник во ПО на ------, ------, Евидентен лист за дневно присуство за месец јануари – јуни 2024 година и Пресметка за исплатена плата за месец јануари-јуни 2024 година. Од увид во Пријава/Одјава – М1/М2 Образец било констатирано дека лицето ------, кај работодавачот засновала работен однос со Договор за вработување на неопределено полно работно време со арх. бр. 04------ од ------.------.2020 година, со датум на пријава во задолжително социјално осигурување од ------.------.2020 година. Со Решение за распоредување на административниот службеник бр.------ од ------.------.2022 година, административниот службеник ------, вработена во ------, досега распоредена на работно место помлад соработник за евиденција, со звање помлад соработник во одделение за буџетска координација, Сектор за финансиски прашања во Стручна служба на ------, и шифра на работно место ------, од група I-административни службеници подгрупа I-државни службеници категорија В ниво Б4 се распоредува на работно место ------.

Од увид во приложениот евидентен лист за дневно присуство на работа од јануари – јуни 2024 година, Државниот инспекторат за труд констатирал дека за пријавената во дадениот период бил уредно евидентиран час при доаѓање на работа со почеток во 08.30 часот, кадешто стоел потпис на вработената, како и евидентирано и час при одење од работа со завршување во 16.30 часот со потпис на вработената. Во евидентиот лист за присуство за месеците јануари – јуни 2024

година, воедно биле евидентирани и деновите кога пријавената присуствувала на седниците на Советот на Општина ------, и за истото биле подготвени потврди.
Од увидот во пресметковните листи за исплатена плата за период од јануари – мај 2024 година, било констатирано дека за односниот период на пријавената и била исплатена бруто плата кадешто биле изразени часовите ефективна работа, со додатоци на платата и додаток за работен стаж согласно закон.
Согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор, постапката била запрена.
Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р В.З, Виш соработник
Контролирал м-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш, Член на ДКСК